## <u>Вежба 5-а, Прашалник за Активно слушање</u>

<u>**Одговори:**</u> Штиклирај го одговорот што мислиш дека би требало најпрво да се даде на наведената изјава.

**1.** ***Не знам што се случува. Во последниот месец веќе трипати не ја завршувам работата на време и знам дека шефот не е задоволен од мојата работа, досега два пати ме караше за тоа.***

______ а) Зашто толку касниш со работата?
______ б) Зашто не му кажеш на шефот како се чувствуваш?
______ в) Страшно е да имаш шеф што вика на тебе кога касниш?
______ г) Може шефот има причина да ти вика ако ти не си во состојба да да ја завршиш работата на време

2. ***Повторно се случи .Јас и зборувам нејзе, а таа си гледа низ прозорецот. Изгледа како да не ме слуша бидејки постојано бара да го повторувам тоа што сум го кажал. Чувствувам дека површно ми обрнува внимание, но дека не е заинтересирана за нашето пријателство. Не разбирам.***

_____ а) Треба да престанеш да зборуваш кога не те слуша.Тогаш ќе ти обрне внимание или ќе мора да ти објасни што се случува.
_____ б) не можеш да очекуваш секогаш да биде внимателна.. Не ти се чини дека можеби ти реагираш непотребно?
_____ в) За кои работи ти и зборуваш нејзе.?
_____ г)Ми звучи како ти да чувствуваш дека таа создава дистанца помеѓу вас.

3.***Работам во тим и ми се чини дека работам добро но не сум сигурен. Не сум на чисто што од мене се очекува , а раководителот на тимот не ми кажува јасно како јас работам.***

_____ а) Има раководител кој секогаш покажува што тој мисли за твојата работа
_____ б) Да бев на твое место , јас ќе разговарав со него.
_____ в) Изгледа како да не се знае дали ти реално си дел од тимот и тоа те прави да се чувствуваш несигурен .
____ г) Можеби и другите од тимот се во иста позиција, затоа не треба тоа да те вознемирува.

**4.** ***Одсекогаш сум знаел што сакам . Имам однапред поставена цел и се држам до неа. Тоа што за остварување на целта треба многу да работам никогаш не ме вознемирува. Одам кон врвот и можеби ќе морам да газам преку луѓе за да стигнам до таму, но тоа е реалниот свет.***

_____ а) Не мора да газиш по луѓето за да стигнеш каде сакаш.
_____ б) Да одиш напред е многу важно за тебе ,дури и тогаш кога за тоа треба многу да работиш
____ в) Што посебно сакаш да постигнеш.
____ г) Треба да посетуваш часови за менаџмент за да ти помогне и да те подготви за тоа што го сакаш.